Врз основа на член 53 од Статутот на Друштвото за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, а врз основа на Одлуката на Управниот одбор на Друштвото за свикување Годишно собрание на Друштвото бр.02-540 од 02.03.2015 година, Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, објавува:

# П О В И К

До акционерите на Друштвото за учество на Годишно собрание

## 1. ***ДАТУМ,ЧАС И МЕСТО НА ОДРЖУВАЊЕ***

Седницата на Собранието ќе се одржи на ден 27.03.2015 година (петок) со почеток во 12,00 часот во просториите на Друштвото на ул. "Козле" бр. 188 (голема сала).

## 2. ***ДНЕВЕН РЕД***

За седницата се предлага следниот:

**Дневен ред**

**Процедурален дел**:

1. Отварање на Собранието и верификација на списокот на пријавени и присутни акционери;
2. Избор на Претседавач на Собранието;
3. Избор на записничар и двајца оверувачи назаписникот;
4. Усвојување на Дневниот ред

**Работен дел**:

5. Разгледување на годишниот извештај за работењето на Друштвото за период јануари - декември 2014 година, усвојување на извештајот и одобрување на работата на Управниот одбор;
6. Разгледување на извештајот за извршената ревизија од овластениот ревизор и усвојување на истиот;
7. Разгледување на финансискиот извештај и годишната сметка на Друштвото за 2014 година и усвојување на годишната сметка и финансискиот извештај;
8. Извештај за работењето на Надзорниот одбор на Друштвото за 2014 година, усвојување на извештајот и одобрување на работата на членовите на Надзорниот одбор;
9. Донесување на одлука за распределба на добивката по годишната сметка на Друштвото за 2014 година;
10. Разгледување и усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи на Друштвото;
11. Именување на овластен ревизор на годишна сметка во Друштвото за 2014 година.
12. Донесување на одлука за престанување на мандатот на член на Надзорен одбор и избор на нов член на Надзорниот одбор на Друштвото.

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневниот ред, согласно Статутот и Законот за трговски друштва.

Согласно член 383 став 3 од Законот за трговски друштва записникот ќе го води Нотар.

***3. ПРАВО НА УЧЕСТВО***

Право на учество на седницата на Собранието има секој акционер на Друштвото, лично или преку овластен полномошниккој ќе го застапува со давање на полномошно во писмена форма, а согласно одредбите од Законот за трговски друштва.

***4. ПРИЈАВА НА УЧЕСТВО***

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на Друштвото, должен е да го пријави своето учество на Собранието најдоцна пред почетокот на седницата.

Пријавите за учеството на Собранието се доставуваат до Друштвото на адреса:

***Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје, ул. Козле бр. 188 Скопје***

***со назнака «««Пријава за учество на собрание«««***

Образецот на пријавата е достапен за превземање од интернет страницата на Друштвото.

***5. ПОЛНОМОШНИК***

Секој акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седницата на собранието на друштвото. што ќе учествува и гласа на седницата на собранието во негово име. Акционерот треба веднаш писмено да го извести Друштвото за секое полномошно дадено во писмена форма. Со писменото известување се доставува и предметното полномошно.Акционер кој нема да го извести друштвото за даденото полномошно ќе се смета како да не го дал полномошното.Писменото известување се доставува до архивската служба на Друштвото. Образците на полномошното и известувањето за даденото полномошно се достапени за превземање од интернет страницата на Друштвото.

***6.ВКЛУЧУВАЊЕ НА ТОЧКИ ВО ДНЕВНИОТ РЕД И ПРЕДЛАГАЊЕ НА ОДЛУКИ***

Согласно Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5% од вкупниот број на акции со право на глас, можат да предложат дополнување на дневниот ред со барање за вклучување на нови точки, доставено во писмена форма до Управниот одбор на друштвото, со приложено образложение за предложената точка, како и да предложат усвојување на одлуки по секоја од точките кои се вклучени или ќе бидат вклучени во дневнит ред на седницата на собранието на друштвото.

Акционерите барањето за вклучување на точки во дневниот ред и/или предлагањето на одлуки можат да ги достават преку архивската служба на Друштвото во рок од 8 дена од денот на објавувањето на јавниот повик за одржување на седницата на Собранието.

***7. ПОСТАВУВАЊЕ НА ПРАШАЊА***

Секој акционер има право да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред.

Одговорите на поставените прашања Друштвото ќе ги објави на својата интернет страница согласно одредбите од Законот за трговски друштва.

***8. МАТЕРИЈАЛИ***

Материјалите кои ќе се разгледуваат на седницата на собрранието се достапни на акционерите од денот на објавувањето на овој повик, секој работен ден во деловните простории на Друштвотона ул. Козле бр.188 Скопје, од 12:00 до13:00 часот и истите се објавени на официјалната интернет страница на Друштвото.

***9. Официјална интернет страница на Друштвото е: www.replek.com.mk***

**РЕПЛЕК АД СКОПЈЕ**
**УПРАВЕН ОДБОР**